| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Боите на есента |
| **Содржина на денот** | Ситен дождец роси |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Возрасниот разговара и му објаснува на детето дека е потребно да конзумира витамини и здрава храна,бидејќи така се штити здравјето. |
| **Активности** | 1. Обработка на стихотворба -„ Есен“<br>Возрасниот организира игра во домот. Го поттикнува детето да одговара на поставени прашања со неколку сликички кои му се нудат на тема есен. Разговара со детето му покажува и објаснува што има на сликите, го поттикнува да поставува прашања и одговара на прашања. Сликичките детето ги реди ,игра со нив покажува и именува чадор,есенски лист,чизми,палто,дожд и сл.<br>Мотивирано детето од играта,возрасниот го воведува во обработка на стихотворба на тема „Есен“. Пповторно му ги подредува сликичките и ги рецитира стиховите.<br>Кап, кап, кап, кап,<br>Ситен дождец роси<br>Кап, кап, кап, кап<br>Секој чадор носи.<br>Потоа му ги објаснува и зборовите, па повторно детето со внимание го слуша и следи возрасниот кој ја рецитира стихотворбата. Му предлага да ја рецитираат заедно неколку пати се додека детето не ја усвои да ја рецитира и индивидуално.<br>-Игра „Чадори“<br>За релаксација во текот на денот во домот се слуша музика од детски фестивали,се игра игра со чадори каде возрасниот му покажува на детето како се отвора и затвора чадор и ја пушта песната- „Кој си носи чадорче“-Супер звезда-1999 во изведба на Евгенија Дамјановска. |